Врз основа на член 80 од Законот за градење („Сл. весник на РМ“ бр. 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18 и 64/18), Програмата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Струмица за 2018 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 23/17), Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 11/05, 20/06 и 01/14), Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Струмица (Службен гласник на Општина Струмица бр. 16/08, 13/09 и 12/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.10.2019 година, донесе

# **О д л у к а**
## **за утврдување на локации и почетна цена за поставување на рекламни паноа (билборди) и информациони табли на територијата на Општина Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат локациите, временскиот период за нивно поставување, почетната цена за поставување на рекламни паноа (билборди) и информациони табли на територијата на Општина Струмица и начинот за добивање право за нивно поставување .

Право на поставување на рекламните панова (билборди) се утврдува на рекламни паноа (билборди) со димензии 5.0 x 2.4м и 4.0 x 3.0 м, како и на рекламни паноа (билборди) и информациони табли на електричните метални столбови кои се наоѓаат во заштитниот појас на општински патишта и улици во Општина Струмица.

Член 2

1. Дваесет и пет локации за поставување на рекламни паноа (билборди) со димензии: (5,0 x 2,4) м со почетна цена од 201.600,00 денари годишно:

| **ред. број** | **Опис-локација** | **ознака** | **количина (број)** |
|---|---|---|---|
| 1 | Мал градски парк”-крстосница на бул.,,Ленинова” со ул.,,Сандо Масев” - (*сл.1)* | А.1 | **1** |
| 2 | Бул.,,Ленинова”-пред нотар Јанко,(цветен пазар) - *(сл.2)* | А.2 | **1** |
| 3 | Бул.,,Ленинова”-пред ,,Стопанска Банка” -*(сл.3)* | А.3 | **1** |
| 4 | Бул.,,Ленинова”- крстосница со ул.,,4ти Јули” -*(сл.4)* | А.4 | **1** |
| 5 | Бул.,,Ленинова”-влез во Струмица од кај Скопје-наспроти бензинска пумпа ,,Макпетрол”-*(сл.5)* | А.5 | **1** |
| 6 | Бул.,,Климент Охридски”-бензинска рачва-трансферзала -*(сл.6)* | А.6 | **1** |
| 7 | Бул.,,Климент Охридски”-крстосница кај Здружение на возачите - *(сл.7)* | А.7 | **1** |
| 8 | Бул.,, Климент Охридски”- крстосница со бул.,,Гоце Дечев”-пред хотел,,Глигоров” -*(сл.8)* | А.8 | **1** |
| 9 | Бул.,,Климент Охридски”-крстосница со бул.,,Гоце Дечев”-пред пекара ,,Иво” -*(сл.9)* | А.9 | **1** |
| 10 | Бул.,, Гоце Делчев”-кружен тек Телеком-наспроти Соборен Храм-пред зграда-*(сл.10)* | А.10 | **1** |
| 11 | Ул.,,Балканска”-кружен тек кај Телеком пред Соборен Храм-бочно-*(сл.11)* | А.11 | **1** |
| 12 | Кружен тек-кај Телеком-челно пред Соборен Храм, према бул.,,Гоце Делчев”-*(сл.12)* | А.12<br>А.13<br>А.14 | **3** |
| 13 | Кружен тек-кај Телеком-челно пред Соборен Храм, према ул.,,Балканска”-*(сл.13)* | А.15<br>А.16<br>А.17 | **3** |
| 14 | Кружен тек-кај Телеком –челно пред Телеком-спроти Соборен Храм - *(сл.14)* | А.18 | **1** |
| 15 | Бул.,,Маршал Тито”-потег од Телеком кон центар-*(сл.15)* | А.19 | **1** |
| 16 | Бул.,,Маршал Тито”-пред ,,Тинекс”маркет - *(сл.16)* | А.20 | **1** |
| 17 | Бул.,,Маршал Тито”-пред Г.Т.Ц. ,,Глобал” - *(сл.17)* | А.21 | **1** |
| 18 | Бул.,,Маршал Тито”-крстосница со бул.,,Ленинова” наспроти Г.Т.Ц.,,Глобал” -*(сл.18)* | А.22 | **1** |
| 19 | Улица,,Маршал Тито”-крстосница со ул.,,Ѓорѓи Василев” кај СОУ,,Никола Карев” - *(сл.19)* | А.23 | **1** |
| 20 | Улица,,Братство Единство”-пешачко острово пред Детска градинка - *(сл.20)* | А.24 | **1** |
| 21 | Улица,,Братство Единство”пред дирекција на Г.П.,,Маврово” - *(сл.21)* | А.25 | **1** |
| | **Вкупно:** | | **25** |

2. Петнаесет локации за поставување на рекламни паноа (билборди) со димензии: (4,0 x 3) м со почетна цена од 144.000,00 денари годишно:

| ред. број | Опис-локација | ознака | количина (број) |
|---|---|---|---|
| 1 | Булевар ,,Маршал Тито''-пешачко острово-наспроти ,,Комерцијална Банка'' (*сл.22; сл.23)* | Б.1 | **1** |
| 2 | Булевар ,,Маршал Тито''-наспроти ,,Тинекс'' маркет (*сл.24; сл.25)* | Б.2 | **1** |
| 3 | Кружен тек-крстосница на бул.,,Гоце Делчев'' со ул.,,Младинска''-кај ,,Електромеханика'' (*сл.26; сл.27*) | Б.3 | **1** |
| 4 | Кружен тек-влез од кај Скопје-наспроти бензиска пумпа ,,Макпетрол'' *(сл.28; сл.29)* | Б.4 | **1** |
| 5 | Кружен тек-крстосница на бул.,,Ленинова'' со ул.,,Цветан Димов'' (покрај градски парк) *(сл.30; сл.31)* | Б.5 | **1** |
| 6 | Кружен тек-кај Телеком-наспроти Соборен Храм-почеток на бул.,,Гоце Делчев'' *(сл.32; сл.33)* | Б.6 | **1** |
| 7 | Кружен тек-крстосница на бул.,,Гоце Делчев'' со бул. ,,Климент Охридски''-наспроти ,,Жито Струмица''-пред пекара ,,Иво'' *(сл.34; сл.35)* | Б.7 | **1** |
| 8 | Кружен тек-излез кон Скопје (пред ,,Лук Оил''-бензинска пумпа)-*(сл.36; сл.37)* | Б.8 | **1** |
| 9 | Улица ,,Балканска''-крстосница со ул.,,Гоце Делчев'' (наспроти Пожарна)-од страна на ,,Здравец'' маркет *(сл.38; сл.39)* | Б.9 | **1** |
| 10 | Булевар ,,Ленинова''-крстосница со улица ,,24ти Октомври''-десна страна *(сл.40; сл.41)* | Б.10 | **1** |
| 11 | Булевар ,,Ленинова''-крстосница со улица ,,24ти Октомври''-лева страна *(сл.42; сл.43)* | Б.11 | **1** |
| 12 | Кружен тек-крстосница на ул.,,Крушевска Република'' со ул.,,Маршал Тито'' *(сл.44;сл.45)* | Б.12 | **1** |
| 13 | Булевар ,,Ленинова''-наспроти Г.Т.Ц.,,Глобал'' (пред крак кон сала ,,Партизан'')-*(сл.46; сл.47)* | Б.13 | **1** |
| 14 | Кружен тек-крстосница на бул.,,Климент Охридски'' со бул.,,Гоце Делчев''-пред хотел ,,Глигоров'' *(сл.48)* | Б.14 | **1** |
| 15 | Кружен тек-крстосница на бул.,,Гоце Делчев'' со ул.,,Балканска''-(челно пред Соборен Храм)-*(сл.49)* | Б.15 | **1** |
| | **Вкупно:** | | **15** |

3. Локации на постоечки електрични столбови покрај локални патишта и улици на кои можат да се поставaт рекламни паноа (билборди) и

информациони табли со димензии до 1 м$^2$, поединечно за одделна локација со почетна цена од 1.800,00 денари, годишно:

| **ред. број** | **Опис-локација** | **Број** | **Коли-чина** |
|---|---|---|---|
| 1 | Кружни текови: | | **5** |
| | крстосница-бул.„Гоце Делчев" со бул.„Климент Охридски"-*(сл.1)* | 1 | |
| | крстосница-бул.„Ленинова" со бул.„Климент Охридски"-*(сл.2)* | 1 | |
| | крстосница-бул.„Гоце Делчев" со ул.„Младинска"-*(сл.3)* | 1 | |
| | крстосница-ул.„Крушевска Република" со ул.„Маршал Тито"-*(сл.4)* | 1 | |
| | крстосница-ул.„Браќа Миладинови" со бул.„Ленинова"-*(сл.5)* | 1 | |
| 2 | Булевар ,,Гоце Делчев" -потег (од,,Пошта" до бул.,,Кл.Охридски") | | **34** |
| | -потег од ,, Пошта" до ул.,,Младинска"-*(сл.6)* | 17 | |
| | -потег од ул.,,Младинска" до бул.,,Кл. Охридски"-*(сл.7)* | 17 | |
| 3 | Булевар ,,Ленинова" (потег од ул.,,Сандо Масев" до бул.,,Кл. Охридски") | | **37** |
| | -потег од ул.,,Сандо Масев" до бул.,,Маршал Тито"-*(сл.8)* | 6 | |
| | -потег од бул.,,Маршал Тито " до ул.,,24ти Октомври"-*(сл.9)* | 10 | |
| | -потег од ул.,,24ти Октомври"до ул.,,Бр.Миладинови"-*(сл.10)* | 10 | |
| | -потег од ул.,,Бр.Миладинови" до бул.,,Кл.Охридски"-*(сл.11)* | 11 | |
| 4 | Булевар ,,Маршал Тито" (потег од бул.,,Ленинова" до ,,Пошта")-*(сл.12)* | | **23** |
| 5 | Крстосница-бул ,,Маршал Тито" со бул.,,Ленинова"-*(сл.13)* | | **4** |
| 6 | Улица ,,Балканска" (потег од кружен тек кај ,,Пошта" до ул.,,Крушевска Република") | | **31** |
| | -потег од кружен тек кај ,,Пошта" до ул.,,Дрварска" -*(сл.14)* | 13 | |
| | -потег од ул.,,Дрварска" до ул.,,Кр. Република" -*(сл.15)* | 18 | |
| 7 | Улица ,,Маршал Тито" (потег од ул.,,Кр.Република" до излез кон Валандово,,клучка"-Куклиш) | | **54** |
| | -потег од ул.,,Кр.Република" до ул.,,Ѓорѓи Василев"-*(сл.16;сл.17)* | 16 | |
| | -потег од ул.,,Ѓорѓи Василев"до ул.,,Р.Попчевски"-*(сл.18;сл.19)* | 11 | |
| | -потег од ул.,,Р.Попчевски" до ул.,,Ѓорѓи Упчев"-*(сл.20)* | 12 | |
| | -(потег од ул.,,Ѓорѓи Упчев" до ,,клучка"-Куклиш-*(сл.21)* | 15 | |
| 8 | . Булевар ,,Кл. Охридски" (потег од бул.,,Ленинова" до бул.,,Гоце Делчев") | | **34** |
| | -потег од бул.,,Ленинова" до ул.,,Бр. Единство"-*(сл.22)* | 19 | |
| | -потег од ул.,,Бр. Единство" до бул.,,Гоце Делчев"-*(сл.23)* | 15 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Булевар ,,Кл.Охридски''(потег од бул.,,Гоце Делчев'' до ,,Терминал'') | | |
| | -потег од бул.,,Гоце Делчев'' до ул.,,Кр.Република''-*(сл.24)* | 11 | |
| | -потег од ул.,,Кр.Република'' до лок. пат за с.Гр.Балд.-*(сл.25)* | 24 | |
| 9 | -потег покрај,,Терминал''-е. столбови се наоѓат во дворот на Терм.-*сл.26)* | 4 | **39** |
| | Булевар ,,Гоце Делчев'' (потег од бул.,,Кл.Охридски'' до ,,Агроефодија'') | | |
| | -потег од бул.,,Кл.Охридски'' до ул.,,Агроберза''-*(сл.27)* | 39 | |
| | -потег од ул.,,Агроберза''до влез во мало стопанство-*(сл.28)* | 9 | |
| 10 | -потег од влез во мало стопоанство до,,Агроефодија''-*(сл.29)* | 9 | **57** |
| 12 | Улица ,,24ти Октомври'' (потег од ул.,,Б.Единство'' до ул.,,Ленинова'')-*(сл.30):* | | **11** |
| 13 | Улица ,,Мајка Тереза'' (поранешна Касарна)-*(сл.31)* | | **7** |
| 14 | Булевар ,,Кл. Охридски'' (потег излез кон Скопје)-*(сл.32)* | | **3** |
| 15 | Излез кон Валандово - ,,клучка'' Куклиш-*(сл.33)* | | **12** |
| | Булевар ,,Ленинова''-излез кон Добрејци-(потег од кружен тек-крстосница со бул,,Кл. Охридски'' до бензинска пумпа ,,Минка''): | | |
| | -булеварско решение -*(сл.34)* | 5 | |
| 16 | -потег од завршеток на булеварско решение до бен.,,Минка''-*(сл.35)* | 11 | **16** |
| 17 | Индустриска зона,,Зона Север''-*(сл.36)* | | **28** |
| 18 | Опфат на с.Добрејци-Општина Струмица -*(сл.37)* | | **11** |
| 19 | Улица ,,Бр.Единство'' (потег од ул.,,24ти Октомври''до бул.,,Кл. Охридски'') -*(сл.38)* | | **10** |
| 20 | Улица ,,Агроберза'' -(потег од бул.,,Гоце Делчев'' до просенички пат) -*(сл.39)* | | **26** |
| 21 | Улица ,,Моша Пијаде -*(сл.40)* | | **6** |
| 22 | Улица ,,Цветан Димов'' -*(сл.41)* | | **2** |
| 23 | Улица ,,11ти Октомври'' -*(сл.42)* | | **11** |
| 24 | Локален пат-влез во с. Градско Балдовци -од бул.,,Кл. Охридски'' до мост -*(сл.43)* | | **11** |
| 26 | Улица ,,Ѓорѓи Василев'' (потег одул.,,Ката Поцкова'' до ул.,,К.Охридски'') -*(сл.44)* | | **7** |
| 27 | Улица ,,Боро Поцков'' (потег од ул.,,Ѓорѓи Василев'' до ул.,,Ката Поцкова'') -*(сл.45)* | | **14** |
| 28 | Улица ,,Младинска'' бр.1 од почеток до крстосница со ул ,,Ѓорѓи Василев'' | | 47 |
| | **Вкупно:** | | **540** |

Член 3

Правото на поставување на рекламните паноа (билбордите) и информациони табли на горе утврдените локации се доделува за период од 5 години.

Член 4

Општина Струмица правото за поставување на релкламни паноа (билборди) со димензии 5.0x$^2$.4 м и 4.0 x 3.0 м, како и рекламни паноа (билборди) и информациони табли на електричните метални столбови кои се наоѓаат во заштитниот појас на општински патишта и улици во Општина Струмица, ќе ги додели во постапката по пат на јавен оглас кој ќе се заврши со непосредно електронско јавно наддавање, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост („Службен весник на Р.Македонија“ бр.106/15, 153/15, 190/16, 21/18, 101/19)

Постапката за доделување на правото за поставување на рекламни паноа (билборди) и информациони табли ќе ја спроведе Комисијата за недвижни и движни страни.

Комисијата е должна да ја почитува почетната утврдена вредност на правото на поставување на билборди и ја спроведе постапката во согласност со законските одредби.

Член 5

За начинот на поставување на рекламни паноа (билборди) и информациони табли, нивно користење и одржување, помеѓу Градоначалникот и најповолниот понудувач ќе биде потпишан договор за правата и обврските на двете договорни страни, по предлог на Комисијата по спроведената постапка за јавното електронско наддавање.

Понудувачот кој ќе го добие правото на поставување, покрај цената која е постигната со јавното електронско наддавање, должен е на сметката на Општина Струмица да уплаќа и годишна комунална такса во износ од 1.200 денари за секоја локација каде е поставено рекламното пано (билборд).

Член 6

Составен дел на оваа Одлука е Елаборатот за ажурирање на постоечки локации на рекламни паноа (билборди) и елективни столбови, изготвен од Секторот за урбанизам и комунални работи при Општина Струмица.

Член 7

Поставувањето на натписи и рекламни табли надвор од утврдените локации ќе се врши по постапка утврдена со Правилник донесен од Градоначалникот на општина Струмица.

Член 8

Надзор над спроведувањето на оваа Одлука, ќе врши Секторот за инспекциски работи при Општина Струмица.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-8224/1
29.10.2019 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
Претседател,
Марјан Даскаловски